...ШТИНА ПЕХЧЕВО
ЈАВНО КОМУНАЛНО
ПРЕТПРИЈАТИЕ
„КОМУНАЛЕЦ“
Бр. 01-726/1
04.12.2015 год
ПЕХЧЕВО

# ЈКП „КОМУНАЛЕЦ“ – Пехчево

Архивски знак: 0102
Рок на чување трајно
05.02.2016 година
Потпис

*ПРОГРАМА ЗА РАБОТА*
*ЗА 2016 ГОДИНА*

Пехчево

Декември, 2015

*ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ЈКП „КОМУНАЛЕЦ" ЗА 2016 ГОДИНА*

ЈКП Комуналец почетоците на своето самостојно работење ги бележи од 1997 година и е претпријатие основано од страна на општина Пехчево заради вршење на дејности од комуналната област од јавен интерес, а која е незаменлив услов за животот и работата на граѓаните на територијата на Општина Пехчево.

Основни дејности на претпријатието се:

1. Снабдување, пречистување и дистрибуција на вода за пиење;
   - Снабдувањето со вода за пиење подразбира: зафаќање, обработка и дистрибуција на вода до мерниот инструмент на корисникот.
2. Одржување на комплетната водоводна мрежа во Пехчево, с. Робово, Умлена, Чифлик и Негрево;
3. Одржување на канализационна мрежа во Пехчево, а се очекува и во с.Чифлик, (изработена прва фаза) во с. Робово во тек е изградба на колекторски систем;
4. Одржување на паркови и градско зеленило;
5. Одржување на градско пазариште;
6. Одржување на улична расвета;
7. Собирање и депонирање смет од физички и правни лица во Пехчево, Робово, Умлена, Чифлик, Негрево, Панчарево и Црник;
8. Одржување на јавната чистота;
9. Управување со градските гробишта и погребални услуги;
10. Зимско одржување, т.е. чистење на снег и мраз во зимски услови на територијата на општина Пехчево;
11. Одржување на депонијата.

Во однос на организационната поставеност ЈКП Комуналец- Пехчево ќе биде функционално поделена во 2016 година за извршување на сите активности во тековното работење. Поделбата ќе биде на одделенија за техничко и финансиско работење.

Техничките одделенија се носители наглавните активности на претпријатието, а тоа се сите работи наведени погоре.

Работата на овие одделенија е обемна и ги зафаќа сите технички активности на претпријатието. Ќе ги има следниве одделенија:

- Одделение за водовод и канализација
- Одделение за собирање и депонирање на комунален отпад, одржување паркови и зеленила и градски гробишта;
- Одделение за зафат и филтрирање на вода.

Секое одделение има раководител кој врши надзор над своите вработени и за тековната работа и проблемите кои настануваат при извршувањето го известува Директорот и одговара за сите актиовности во тековното работење на претпријатието.

Финансиското работење ќе биде проследено во одделение за сметководство и правни работи.

Одделението за сметководство и правни работи ги извршува сите активности поврзани со финансиски активности од читање на состојбата на водомери, во куќните приклучоци, печатење на сметки за потрошена вода, наплата на сметки за вода и комунални услуги, директен контакт со корисниците за сите потреби кои претпријатието може да ги реализира преку својата дејност, активностите поврзани со правниопт статус и организацијата на претпријатието, како и регулирање на статусот на вработените во претпријатието. И ова одделение има свој раководител кој ја контролира и регулира работата на вработените во одделението. Раководителот на оделението одговара директно пред директорот на претпријатието.

**1. Снабдување со вода за пиење**

Под систем на водоснабдување на населението со секогаш хигиенски исправна вода за пиење се подразбира збир на хидротехнички објекти и постројки за зафаќање на вода за пиење – извори, тиролски захвати, постројки за кондиционирање на водата (фабрики за преработка на вода и дезинфекција, водоводна мрежа и сл) и дистрибуција на истата до домаќинства и правни лица.

Во наредната 2016 планираме изградба на таложник пред филтер станицата за избистрување т.е. третман на заматена вода после обилни врнежи.

ЈКП Комуналец во посредство со Општина Пехчево ќе аплицира со проект за реконструкција на филтер станицата, т.е. замена на целокупната опрема – таложници, филтри, пумпи и дозир пумпи со нови.

ЈКП Кокуналец Пехчево има набавено црево од 1" (еден цол) кое ќе биде вградено во с.Чифлик (од Аспровски Ванчо до селските гробишта, кое ќе биде искористено за довод на вода за чешма на гробиштата а воедно ќе се користи и како испуст за вода од страна на ЈКП Комуналец.

**2. Одржување на водоводна мрежа во општина Пехчево**

Водоводната мрежа е составен дел на водоводниот систем. Водоводната мрежа ја сочинува системот на цевоводот за транспорт и дистрибуција на сирова и преработена вода, кој се протега од зафатните градби или уредите за пречистување, па се до крајните корисници на вода, заедно со соодветните арматури, објектите и уредите на нив.

Цевоводите се делат на регионални цевоводи (главни доводи), примарна (дистрибутивна), секундарна мрежа и терциерна мрежа (куќни приклучоци).

Во согласност со техничките прописи и одржување на цевоводите се вградуваат воздушни вентили, испусти, мерни уреди, кој со предвидената динамика ќе се вградуваат и во 2016.

Добро одржување на водоводната мрежа подразбира многу активности на планот на обезбедување на уредна и непрекината испорака на вода и тоа со постојан режим на снабдување (одреден притисок во мрежата и гарантиран квалитет на водата).

Со цел остварување на овие принципи треба да се настојува следното :

-Цевоводите заедно со соодветните арматури, објекти, уредите и стамбените приклучоци постојано да се одржуваат во исправна сосотојба, што може да се оствари по пат на контрола на потребните работи во рамките на редовно и инвестиционно одржување.

- Редовно (неделно) испитување (ЈЗУ) и анализа на работата на целокупната водоводна мрежа, заради одржување на оптималниот режим и благовремено да се превземаат неопходните работи заради натамошно подобрување на постојаниот режим;

- Брзо и организирано отстранување на настанатите дефекти;

- Секојдневно сопствено испитување на испорачаната вода;

- Годишна севкупна задолжителна анализа (радиолошки и хемиски ) од ЈЗУ Скопје;- Планско работење и испитување на причините за загубите на вода и нивно намалување.

**Опис на водоводната мрежа на општина Пехчево**

Прв иот јавен водовод во Пехчево е започнат со изградба во далечната 1941 година со изградба на 5 јавни чешми од страна на бугарската власт од зафат на рудничко окно над Пехчево. Во 1956 година е направен нов довод на вода со глазирани глинени цевки од истиот зафат, изработени од страна на Црвена Звезда-Пехчево.

Во 1964-67 година е поставена нова водоводна мрежа од азбест-цементни цевки и нов резервоар од 120м$^3$ и нов довод на вода( цевки ø 150 со тиролски зафат од Пехчевска река (кај Миовска Воденица).

Во 1983-84 година е направен нов довод на вода (постојниот е надграден), со ПВЦ цевки од зафат на „Миовска Воденица" до месноста „Јудови Ливади", каде е изграден нов резервоар со каптирање на неколку подземни извори. Следната година 1985 е направен зафат на Пехчевска река со песочен филтер на истото место.

Во 1983/84 е изградена нова современа водоводна мрежа, во нова населба на месноста викана „Подуево" од ПБЦ цеви, со должина од околу 2 км. (Изгубен проект).

Во 1993-94 година е направен дел - 2 км довод на вода ø 225, ПВЦ од регионалниот водоснабдителен систем „Жтачка река" до местото на денешната филтер станица и тиролски зафат на Пехчевска река на М.В „Лулово Кладенче" со довод на вода ø 140, ПВЦ, во должина од 4 км.

Во 1999 година е пуштена во употеба филтер станица со капацитет од 30 л/сек, донација од Белгиска влада,(Проектот е започнат од 1994 година).

Во 2001 година е изграден нов довод на вода ø 100, ПВЦ од регионален водовод од општина Берово, земена е вода од цевководот покрај регионалниот пат Смојмирово- Мачево кај млекарата под село Робово за снабдување со вода за пиење на селата Робово и Умлена и се изградени нови резервоари и во двете села, со капацитет од 120 м3 по резервоар.

Во 2001 година е направен и довод на вода за с.Чифлик Ф140, ПВЦ - од Пехчево и тоа од М.В. „Механичка работилница на Млечна" до резервоар во с. Чифлик.

Во 2007 година е изграден нов резервоар во с.Чифлик со капацитет од 80м3.

Во 2002 година е изграден нов резервоар за вода со капаците од 350м$^3$, опремен и пуштен во употреба во 2007 година. Од 2001до 2004 година се променети азбест-цементните цевки со полиетиленски во населените места : во Пехчево 10км, Робово 5км, Умлена 3 км, Чифлик 3км ви Негрево 1 км.

Во 2006 е пуштена во употреба новата полиетиленска водоводна мрежа во Пехчево. За период од 2006 – 2009 година е изградена дополнителна полиетиленска водоводна мрежа во должина од 6 км во Пехчево. Во исто време е направен и нов довод на вода.

Од 2008 – 2009 година се гради довод на вода со полиетиленски цевки ø 140, од постојниот водовод во с.Чифлик до с. Умлена и истата 2009 година е исклучен доводот од регионалниот водовод од Берово и се пушта вода од водоводот во Пехчево.

Во овој момент ЈКП Комуналец одржува еден комплексен систем. Зафаќањето на вода и нејзиното внесување во системот се реализира преку дренажи на „Јудови Ливади" и тиролски зафат по самото течение на Пехчевска река изграден вон 1996 година кај „Луловото кладенче„. Заедно со Регионалниот довод на вода, ЈКП „Комуналец" Пехчево стопанисува со водоводна мрежа и довод на вода, во должина од околу 60 км

-Довод на вода на Пехчевска река со капацитет од 30л/сек,

-Филтер станица со капацитет 30л/сек;

-Регионален довод на Љутачка река со капацитет од 60л/сек (дозволено 40л/сек)

Во однос на надморската височина на која се наоѓаат објектите, зафатот на „Јудови Ливади" е на н.в. од 1350м, зафатот на М.В. „Луловото кладенче" е на н.в. од 1210м, а Филтер станицата е на 1100 м н.в.

Резервоари – 3(три) во Пехчево (350м$^3$, 2 по 150м$^3$), 4(четири) резервоари во селата Робово 120м$^3$, Умлена 120м$^3$, Чифлик 80м $^3$ и Негрево 80м$^3$.

5 (пет) прекидни комори: Спиково 1, Равно Борје 1, Чифлик 1, „Симин Рид" 1, „Подуево" 1.

Доводот на вода е од ø280, ø250, ø225, ø200, ø160, ø140, ø110, ø90, ø80, ø70, ø63, ø50, ø40, и $3_{/4}$.

Работните притисоци на мрежата се движат од 10 бари до 1 бар.

Корисниците се поврзани на мрежата со посебни приклучоци.

Број на куќни приклучоци: Пехчево 820, Робово 120, Умлена 110, Чифлик 95 и Негрево 62.

Број на правни субјекти: 91, од кои 29 месечни и 62 повремени приклучоци.
Довод на вода со вкупна должина од 28 км, примарна мрежа во населени места - 12 км и секундарна мрежа 20 км.

Во 2016 година останува да се доврши поврзување на крак на улица „Борис Кидриќ" (Роберт Кратевски) до улица „Индустриска„ (Македонски шуми – Равна Река).

3. **Одржување и изградба на канализациона мрежа**

Во селата е отпочнато со изградба на колектори и некои од нив се завршени (во Чифлик се чека 3 фаза, а во Робово се чека технички преглед и индивидуално приклучување за секое семејство). Исто така ќе бидат изградени 2 нови канализациски шахти пред зградата на Општина Пехчево.

Под одржување на канализационен систем на градот Пехчево, се подразбираат следните активности:

Следење и одржување на изградениот фекален и атмосферски (во централното градско подрачје) канализационен систем на подрачјето на градот Пехчево.

Во Пехчево постојат два канализациони колектори, лев и десен и се релативно нови, од ПВЦ цевки, како и дел од секундарните краци се ПВЦ и полиетилен околу 50%, а останатото е 30% азбест, 15% бетонски цевки и 5% глинени цевки. Во најголем процент кај индивидуалните приклучоци цевките се ПВЦ, помалку полиетилен и најмал број на азбест-бетонски и глинени цевки.

Одведување на отпадни и атмосферски води ги опфаќаат следните активности:

- фекалниот канализацонен систем со кој се одведуваат отпадните води од домаќинствата, индустријата и другите претпријатија и јавни установи;
- Атмосферскиот канализационен систем во централното градско подрачје со кој се одведуваат атмосферските води од територијата на Пехчево во природните реципиенти и отворени канали;
- Одржување во исправна состојба на ревизиони шахти и сливници кои служат за прифаќање на атмосферски води;
- Вршење на интервенции со рачен алат, чекреци, сајли и пумпа под притисок;
- Увид на лице место за определување на услови за изведба на приклучоците како и нивно усогласување со другите подземни инсталации и објекти;
- Изготвување пресметки за наплата од граѓани и правни лица за извршените услуги при реализација на приклучоците;
- Приклучување на правни и индивидуални објекти на канализационата мрежа во фаза од прво сознание за потреба од приклучување до фаза на изведување на приклучок;

Целокупното градско подрачје кое е опфатено со канализација се проверува и санира барем најмалку еднаш во годината, покрај редовни санации и чистења кога се јави потреба..

Имено така оперативната група за чистење на ревизиони и главните шахти ги контролира и исчисти, ако во нив има талог и слично, а потоа со специјалното возило, пумпа за вода, под притисок се испираат канали и цевки. Исто така оперативната група за чистење на улични сливници ги контролира и чисти уличните сливници, и го транспортира материјалот со трактор и го депонира на депонија одредена за тоа.

За секое место над 2000 жители и за изградба на нови канализацони мрежи , според закон обврзувачки е да има пречистителна станица за отпадни води. Потпишан е Договор на Општина Пехчево со МЖСПП за швајцарска донација за изградба на колектор за Пехчево, Чифлик и приклучување во пречистителната станица на Берово. Изградбата треба да отпочне во 2016 година. Со таа цел, потпишан е Договор за спроведување на ИПА проектот „Рехабилитација и проширување на канализациона мрежа во општина Берово" помеѓу МЖСПП,

Општина Берово, Општина Пехчево, ЈПКР „Услуга" Берово и ЈКП „Комуналец" Пехчево, според кој ЈКП „Комуналец" според Член 7 има свои обврски и треба да ди исполнува според динамиката на одвивањето на проектните активности.

Во 2016 година се планира нов канал за атмосферска канализација од градска фонтана до ресторан „Викторија".

При одржувањето на фекалната канализација ЈКП Комуналец се има соочено со голем број неправилности и потешкотии од различна природа како:

- депонирање на различен градежен материјал врз ревизионите шахти и уличните сливници;
- неправилно (диво) вклучување на фекалната канализација;
- Недозволено фрлање на разни предмети во канализационата мрежа како: пепел, песок, крпи, отпаден материјал од казаници, зимница, камења и сл;
- Оштетување на капаци од ревизиони шахти;
- Оштетување на решетки од улични сливници.

**4. Одржување на паркови и градско зеленило**

Програмата има за цел да ја прикаже состојбата на градското зеленило , видот и обемот на работите, потребен број на работници, вредноста на работите сврзани со одржување на градското зеленило за 2016 година.

Основна задача е одржување на јавните зелени површини со ист интензитет и динамика.

Начинот и интензитетот на одржувањето се менливи елементи кои се во корелација со климатските услови. За реализација на програмата во предвидениот обем и интензитет, со кои би се гарантирало квалитетно зеленило, постојниот број на работници е недоволен, што се надополнува со вклучување на 3 сезонски ангажирани работници од страна на Општина Пехчево.

Во текот на 2014 и 2015 година во централното градско подрачје на новиот плоштад изградени се нови зелени површини од 50м$^2$ кои се вклучени во програмата за редовно одржување за 2016 година. Старите зелени површини кои беа на местото на новиот плоштад зафаќаа површина од 400м$^2$.

Интензитетот на извршувањето на предвидените операции (откос, кроење на дрвца, полевање, чистење) календарот и динамиката на извршување, како и потребниот број на извршители зависи од финансиските средства потребни за реализација на програмата.

*<u>Преглед на зеленилото во Пехчево</u>*

Влез на Пехчево со 3 парковски парцели кои зафаќаат површина во м$^2$, и тоа: - Парк на влез во Пехчево, под патот со површина од 5000 м2,

- Парк на влез во Пехчево над пат, 500 м2,
- Парк кај Г.Вазлиска со површина од 1000 м2,
- Парк на раскsница кај продавница на „Равна река" 1000 м2
- Парк кај „Здравен дом" 4000 м2 ,
- Градски фудбалски стадион 7000 м2 и
- Останати површини 1500 м2 (како зеленило на острови на булевар, зеленили на раскрсница на ул.„К.Медарски", Зеленило во централното градско подрачје, површини кај „Градско пазариште, залени површини на место тротоари на разни улици во градот и сл.)

Задолжен субјект за извршување на активностите предложени со оваа програма е ЈКП Комуналец, со претходно склучен договор со Општина Пехчево.

Надзор над извршувањето на програмата, согласно Одлука за комунален ред на Општина Пехчево, врши градски орган за комунални работи.

## 5. Стопанисување со градско пазариште

Градското пазариште во Пехчево располага со следниот простор и опрема:

- површина за пазар 1000 $м^2$;
- површина за паркинг 1.000 $м^2$;
- метални тезги со кров бр.21
- метални тезги без кров бр.3
- откриен продажен простор 500 $м^2$ ;
- продажен простор полиња бр 500 м2;

Градското пазариште е од јавен интерес за граѓаните на општина Пехчево. Просторот кој е од времен карактер е тешок за оградување. „ЈКП Комуналец“ стопанисува со Градското пазариште заради квалитетно и организирано вршење на дејноста управување со пазар.

Пазарите по меѓусебниот однос помеѓу купувачите и продавачите се разликуваат од супермаркетите, кои во почетокот на 21 век му станаа значителна конкуренција на овој традиционален и многу популарен облик на трговија.

За одржувањето на пазарот ЈКП наплаќа соодветен надоместок за користење на тезги и полиња со склучување на договори со трговците, кое нешто е предвидено и со закон.

Освен за тезги и полиња странките наплаќаат и за месечни резервации.

Според законот за безбедност на храната, трговците и производителите се должни да продаваат проверена и контролирана роба, која може да биде контролирана од инспектор за храна.

Целта на овој закон е да се обезбеди високо ниво на заштита на здравјето на луѓето и интересите на потрошувачите во однос на храната.

Преку распишување на тендер ќе биде избрана фирма за изработка на унифицирани нови 15 тезги за градското пазариште, а истите ќе бидат користени и за Етно саемот и фестивалот на дувачки оркестри – Пехчево.

## 6. Одржување на улична расвета

Со склучување на договор меѓу Општина Пехчево и ЈКП Комуналец, претпријатието е обврзано за одржување на улична расвета. Во договорот е обврзано општината за набавка на соодветните материјали, а оперативниот дел, т.е вградување и замена е обврска на ЈКП. ЈКП ќе работи согласно програмата на Општина Пехчево. Оваа и претходната година преку проект како дел од Програмата за Енергетска Ефикасност на Општина Пехчево се набавени 300 штедливи сијалици кои веќе ги заменуваат старите и неекономични сијалици, а во текот на 2016 година треба да бидат заменети сите стари сијалици од уличната расвета на територијата на целата општина, вклучувајќи ги и селските населби. Предвидени се и по 10 до 15 нови сијалични места во секое село.

За 2016 година се планира поставување на ново улично осветлување на влез во с.Робово (млекара) и на игралиште во с.Црник.

Украсувањето за Новогодишните празници го врши ЈКП Комуналец, со вработени од општината.

## 7. Изнесување и депонирање на смет

ЈКП Комуналец со оваа програма се стреми за имплементација на законската и подзаконската регулатива од оваа област (пред се законот за управување со отпад, и законот за животна средина ) и подобрување на оперативното работење.

За реализација на оваа програма ќе биде задолжено одделението за таа намена кое има добра соработка со корисниците на услугите, и со вршење на услугата за собирање и транспортирање на комуналниот отпад во 2016 година целосно ќе биде покриена територијата на општина Пехчево. Се планира докомплетирање на селата со контејнери и корекции и тампонирање на некои улици за да има пристап возилото за собирање на смет.

Со средства од ЕУ фондовите целиот Источно-плански регион ќе биде доопремен со дефицитарна опрема, во случајот со ЈКП Комуналец ќе има потреба од уште 1 до 2 возила за смет и садови за смет.

Кај граѓаните на нашата општина постои висока еколошка свест. Тие се помалку го толерираат загадувањето на околината со отпадоци, а договорен е и ефикасен инспекциски надзор и мандатните казни би требало да ги приморaат несовесните граѓани да ги почитуваат правилата за управување со цврстиот отпад на заедницата. Со ефикасното третирање на комуналниот цврст отпад, граѓаните на општина Пехчево ќе бидат чекор напред во остварувањето на правото на здрава животна средина.

Со набавката на садови за собирање на пластика и отпадна хартија, третманот на таквиот отпад придонесе за намалување на количината на отпад (се носи во ЕКО ПАК – Кочани) и негов адекватен третман, подигање на јавната свест за значењето на овој проблем, а се со цел намалување и елиминирање на штетните влијанија на овој вид отпад врз животната средина.

Од нартедната година, 2016, ќе почнеме  со едукација за грубо селектирање на комуналниот отпад од страна на корисниците. Покрај  селектирањето на пластиката, ѓе се одделуваат посебно стакло и метал, кои корисниците ќе ги одлагаат посебно и истите ќе се изнесуваат со трактор, најмалку еднаѓ во месецот.

Во 2016 година ЈКП  Комуналец и Оштина Пехчево ќе потпишаат договор со фирма за собирање  на електронски отпад (опрема, батерии и акумулатори) во посебни садови и места адаптирани за таков вид на отпад.

Целокупниот собран комунален отпад како од домаќинствата како и од правните субјекти и собраниот отпад од јавно прометните површини со специјално возило прилагодено за таа намена ќе се транспортира и депонира на депонијата за комунален отпад.

Депонијата во тековната година се огради голем дел, останува во 2016 да се заврши со оградување, се воведе целодневна стражарска служба, се врши порамнување на отпадот со ровокопач кое континуирано продолжува и во наредната година. Започнатото тампонирање ќе се заврши 2016 година и ќе се олесни влезот и излезот на возилото за смет, а и местото (јама) за отпад ќе биде достапно преку целата година. Со горе наведените активности кои беа дел од наложените обврски од страна на инспекциска служба, добиена е Дозвола за собирање и транспорт на отпад.

Со обезбедување на  парични средства, преку ЕУ фондовите преку Источно – планскиот регион , земјиштето на депонијата за складирање на комунален отпад ќе се урбанизира, за да може да се изградат објекти и настрешници за селектирање и складирање на опасен комунален отпад, да се обезбеди вода од градскиот водовод и струја. Ќе се заврши оградувањето на целокупниот простор на депонијата со поцинкована мрежа и после тоа може да се бара дозвола за складирање на комунален отпад.

За складирање на градежен шут е определено м.в. „Елата", поранешен рудник за глина, а сега затворен, кој се наоѓа во близина на градот и има приоден пат. За оваа парцела е планирано да се огради согласно стандардите што ги предвидува законот, да се обезбеди вода, цена за складирање е одредена, и истата може да се стави во функција.

## 8. Одржување на јавна чистота

Со програмата за одржување на јавна чистота на подрачјето на општина Пехчево во 2016 година се дефинираат: видот и обемот на работата која треба да се извршат во текот на 2016 година како и динамиката и начинот на извршување на работите. Одржувањето на јавната чистота ќе се состои од : Рачно и машинско метење и миење на улиците во централното градско подрачје како и сите други јавни површини и отворени простори и јавни објекти наведени во законот за јавна чистота, празнење на уличните корпи за отпад кои се поставени во центарот на Пехчево.

Планирањето и димензионирањето на работата, работната рака и механизација за одржување на чистотата на јавните површини е извршено врз основа на следните клучни фактори:

- начинот на одржување на јавната чистота
- пресметката на нормите за работа врз кои се врши димензионирањето на работата, работната рака и механизацијата
- димензиите типот и формата на јавните површини, големина

Сметот се појавува како:

- Секојдневен смет:
  a. отпадоци од возила кои ннастануваат при: превоз на разновиден материјал (градежен материјал, овошје, зеленчук, технолошки материјал), собирање на домашен смет, косење на тревни површини;
  b. при интензивни врнежи од дождови: наноси од земја, песок, лисја и др.
  c. загадувања од атмосферата: загадување од чад и прав, индустриски оџаци, гасови од моторни возила;
- Сезонски смет:
  a. лисја од дрва, суви гранки и сл.,
  b. песок, ситен камен, кој во зимскиот период служи за посипување на јавните површини заради намалување на лизгавоста, кој по престанокот на мразевите и снеговите треба темелно да се отстрани;

Во централното подрачје на Општината одржувачите на хигиена ќе вршат рачно метење и празнење на уличните корпи за отпад, со исклучок во зимските периоди при поголеми врнежи на снег и појава на мразеви.

Динамиката на извршување на активностите за чистење на јавните сообраќајни површини може да се зголеми во зависност од укажаните потреби, а врз основа на согледувањата на стручните служби на претпријатието или на барање на општинските органи.

### Повремени работи

Како повремени работи се јавува потребата од чистење на јавните површини по барање на органите на општината за време на државните празници, по барање на инспекциските служби, собирањето на сметот после јавните манифестации на барање на организаторот на јавната маниестација а по претходен договор со него.

Овие работи се извршуваат надвор од активностите планирани со програмата.

Во 2016 година, ЈКП Комуналец ќе се ангажира и во расчистување на отпадот од јавните површини (градежен шут, земја, гранки и др.) што го оставаат неодговорни и несовесни граѓани кои одлагаат ваков вид на отпад на слободните јавни површини низ општината.

За извршувањето на програмски предвидените задачи ќе бидат користени: еден трактор, моторна пила, хидрантски црева и гарнитура од соодветен алат (лопати, копачи, гребла, макази за кроење, секири, тесли, клешти, метли, рачни колички, вреќи за складирање на смет и др.

Со оваа програма предвидено е одржување на улиците и патиштата на подрачјето на општина Пехчево, во вкупна должина од 31.80 км, т.е. асфалтирана површина од 21 км и тампонирана површина (бехатон и травертин) 10.80 км – плоштад, кеј и тротоари.

## 9. Управување со градски гробишта

Управител на градските гробишта во Пехчево е ЈКП Комуналец, а законот предвидува во иднина и управување со селските гробишта (муслимански и православни).

Претпријатието ги врши следниве услуги: доделување на гробни места, одржување на гробиштата, издавање на одобренија за погреб, водење дневник и регистар на погребани лица и врши погребални услуги (се чекаат измени во законот, по сугестија на малите општини каде нема оператор за вршење на погреби).

Гробиштата како добра во општа употреба, уживаат посебна заштита и се користат под услови и начин утврдени со законот за гробишта.

Во 2016 година ќе се заврши урбанизирање и оградување на новиот дел од гробиштата. Исто така ќе бидат поставени 3 (три) нови типизирани чешми (на местото на старите) и ќе бидат изградени тоалети (WC – 2 женски и 2 машки) и ќе почне парцелизација, т.е. изградба (бетонирање) на гробни парцели и патеки.

## 10. Зимско одржување

Општина Пехчево и ЈКП Комуналец веќе имаат склучено договор за претстојната сезона за чистење на снег. Во договорот се предвидени: видот и обемот на работите кои треба да се извршат, финансиските средства, временските рокови за извршување на работите, како и динамиката и начинот на чистењето и одржувањето на улиците и локалните патишта во општина Пехчево, во зимски услови за претстојната 2014/2016 година.

ЈКП организира редовна приправност со потребна опрема, алат, резервни делови и стручен кадар за обезбедување исправност на сопствената механизација за дејствување во зимски услови. Одговорните работници на дежурство вршат потребни контакти со сите одговорни субјекти, ја спроведуваат програмата и даваат потребни информации на надлежните субјекти и граѓани. Се врши набавка, обезбедување, чување и складирање, како и растурање на сол, ризла, песок и други материјали. Исто така се врши подготовка на возилата и машините и друга потребна механизација и ја доведува во исправна состојба за дејствување во зимски услови:

- со сеалка приклучена на трактор врши посипување на сол и песок за отстранување на голомразица од коловозните површини;
- води целосна документација за зимската служба и изготвува распоред на лица за приправност;
- врши редовно тековно одржување на возилата и опремата;
- обезбедува потребни резервни делови за поправка на механизацијата.

Други учесници вклучени во реализација на програмата:сообраќајна полиција, ЕВН, претпријатија чии објекти и простории се користат од страна на граѓаните (бензинска пумпа, паркинг и сл) превземаат брзи и ефикасни мерки за отстранување на снегот и голомразица од овие објекти и простории пред нив, претпријатија, училишта, корисници на деловни згради простории, граѓаните – станари го чистат снегот и голомразицата од тротоари и приодни места пред своите објекти. Исто така граѓаните го чистат снегот од покривите и терасите, при што се води сметка за безбедноста на минувачите, а исчистениот снег се собира пред стамбените и

деловните објекти на начин што ќе се обезбеди непречен сообраќај. Коловозните површини за оспособување на ниво на општина се 31.80 км и нивното расчистување се одвива по приоритетна листа, со точно дефинирани приоритети при одржувањето , а посебно водејќи сметка за критичните точки во општината.

Оспособувањето на улиците ќе се врши во зависност од временските услови и тоа:

- состојба на присуство на снежни врнежи до 20 см. (прва состојба на готовност);
- состојба на снежни врнежи над 20 см (втора состојба на готовност).

**Механизација, опрема, материјали и работна сила**

| ***механизација и опрема*** | | ***работници*** | |
|---|---|---|---|
| Градежна машина – ровокопач | 2 | Раководител на смена | 1 |
| Камион кипер – со нож | 1 | Работници за припрема на песок и сол | 3 |
| Трактор со сеалка за расфрлање сол и песок | 1 | Возачи | 5 |
| | | Работници за опслужување | 10 |

Финансирањето на активностите предвидени со оваа програма ќе се вршат ос средства предвидени во Буџетот на општина Пехчево.

Цените за чистење на снегот во зимски услови се утврдени во договорот склучен од ЈКП и Општина Пехчево.

Вкупниот број на интервенции за расчистување на снегот и мразот од улиците, патиштата, тротоарите и др. во зимската сезона 2015/2016 ќе зависи од обемот на снежните врнежи, при што бројот на интервенциите ќе биде соодветно утврден и определен.

ЈКП „Комуналец" – Пехчево
Директор
Јованчо Секуловски

Декември,2015
Пехчево